<table>
<tr><td>Неделна Тема</td><td>Воден сообраќај</td></tr>
<tr><td>Содржина на денот</td><td>Погоди сега ти!</td></tr>
<tr><td>Возраст</td><td>4-6 години</td></tr>
<tr><td>Воспитувач</td><td>Александра Стојановска</td></tr>
<tr><td colspan="2">Дневни активности</td></tr>
<tr><td>Здрави и безбедни навики</td><td>Разговор на тема безбедно однесување во сообраќајот, внимателно поминување улица на пешачки премин, и почитување на сообраќајните правила.</td></tr>
<tr><td>Активности</td><td>Активноста започнете со куса прошетка до крстосница, во Вашата околина. Со детето набљудувајте како се одвива сообраќајот, каде се движат возилата, пешаците, велосипедистите... Поразговарајте за безбедното однесување во сообраќајот, правилно поминување на пешачки премин итн.<br>Како вовед во активноста, разгледувајте фотографии и илустрации на тема видови сообраќај, копнен, воздушен и воден. Објаснете му за секој вид сообраќај поединечно, и за превозните средства кои се користат (авион, брод,автомобил итн.)<br>Потоа, прочитајте му на детето неколку гатанки, и поттикнувајте го самостојно да ги одгатнува.<br><br>Има четири тркала, му служат место нозе,<br>а задача само една, брзо да не вози !<br>( автомобил)<br>И сонцето кога грее, и по ветар, и по бури,<br>по челични, сјајни шини- коњ челичен смело јури !<br>( воз)<br>Крилја има, птица не е, како птица лета<br>Дење, ноќе низ облаци- тој спокојно шета !<br>( авион )<br>Ни по шини, ни по воздух, ниту по пат оди</td></tr>
</table>

по морињa, океани – дење- ноќе броди !

( брод)

Летам бргу како ветер, ти ме знаеш драго дете

побрз јас сум и од орел, и над облак летам горе.

Брчам силно, немам страв, пилотот е јунак прав...

( авион )

Опаш има- крилја нема, и секаде стигнува,

Од земјата кон небото веднаш се издигнува!

( хеликоптер)

Доколку кај детето постои интерес, можете да му ги прочитате и следниве куси текстови :

Автобуска станица

Автобусите стојат на перонот на автобуската станица. Тука застануваат, малку здивнуваат и пак заминуваат. Патниците си починуваат во чекалниците, а билетите се купуваат во билетарниците.

Железничка станица

Возови, возови -од сите страни и многу патници на перонот збрани. Едни доаѓаат, други поаѓаат. Од утро до мрак на железничката станица – има голема мешаница.

Аеродром

Во светот сите аеродроми се исти. Авиони, радари, хангари и долги и широки писти. Од една писта авион полетува, а на друга- од некаде слетува.

Пристаниште

Станицата на бродовите – пристаниште се вика.Тука секој патник-својот брод го чека. Пристаништа има на море, езеро и река.

Користена литература : Сликовница „Ајде да патуваме “ – Киро Донев

Гатанка „Како ветер “- Васил Куноски, списание „Росица“